

# КуТИ-ЈА

КуТИ-ЈА

ТАЊА БИТУЉАНУ ПЛАВШИК

Почеток на денот. Себеобновување. Утрински бистрини непоматени со талогот од ноќта. Телефон-немир-расте... Ја надвладува јаснотијата. Нема прибирање ни обид за рамнотежа по шокот со видливи последици на уништување.

26 февруари (четврток)
8.15 Воздушната контрола на СФОР јави на Федералната дирекција за цивилен сообраќај дека е загубен радиоконтакт со авионот на Владата на Македонија.
11. 30 Портпаролот на Министерството за внатрешни работи на Муслиманско-хрватската федерација соопшти дека спасувачките екипи го пронашле местото на несреќата, преживеани нема.
16. 45 Македонската државна делегација со премиерот Црвенковски пристигна на Скопскиот аеродром од Даблин, без да го поднесат барањето за членство на Република Македонија во Европската Унија.

**Кутија**

Петок. Утрински автобус за на работа. Недотерано лице на градот. Молк. Ова се истите физиономии од пред Собранието - утре, вчера, задутре, сеедно... Времето е истопена свеќа. Како можат пламенчињата да го разгонат сиот мрак и јад од нивните лица, што толку многу ме трогнуваат? Тага и болка се пресретнуваат и се сплеткуваат во немо сочувство внатре, во автобусот. Ние сме само грст луѓе без Претседател. Неизмиено лице на градот по пробдеаната ноќ. Црни страници наместо вообичаениот стрип во „Фокус“ што, заедно со куп други весници, го држам на коленици...



26 февруари (четврток)
17. 00 Портпаролот на СФОР демантира дека се пронајдени локацијата и телата. Ова го потврдуваат домицилните власти.
17.30 Владата на Македонија одржа вонредна седница.
20.00 Прекината потрагата по авионот поради лоши временски услови (контрадикторност со софистицирани современи техники).
Прогласена тридневна жалост во Републиката.

24 часа неизвесност за девет семејства. Обезглавена држава. Талкање околу местото на несреќата, без пристап на новинари и достапност во истрагата за домицилните власти. Господ нека им е на помош на, евентуално, преживеаните... и на другите извесно-неизвесно мртви. Незачувано посмртно достоинство на луѓето што избрзано беа прогласени за загинати... Потрагата се престори во истрага заведена на погрешна трага, пред воопшто да се прекине.

27 февруари (петок)
8.30 Спасувачка хеликоптерска единица го пронајде местото на несреќата во реонот Ротимља, 20 км јужно од Мостар, информира Службата за потрага и за спасување на БИХ.

Сè е толку јасно, само тешко се гледа. Како и времето: матно, збркано, замаглено. Во миг се сменуваат сите годишни времиња, на прагот на пролетта што настапува во Даблин, како и овде... Дождот надоаѓа и



одминува, сонцето згаснува пред да излезе од облаците... Времето е само миг - трепнување на slow motion окото на судбината.

28 февруари (сабота)
19. 00 Премиерот Црвенковски, министерот за внатрешни работи и претставник од Кабинетот на Претседателот заминаа за Сараево.

„Книгата на животот е врвна книга. Не можеш да ја отвориш ниту да ја затвориш по сопствена волја“ - велат мудрите. Пред да се сврти последната страна заложуваш денови, за да испревариш години, да ќариш вечност, спротнувајќи се меѓу лошо и полошо... Криза, војна, сиромаштија, раскараност...Се надеваш, трпиш, траеш...
Долга редица во Собранието чека да се запише во Книгата на жалоста.
Навикнати сме на чекање, искушенија, неизвесност. Поинакви мигови ни се ретки како црвените букви во календарот...
„Не заслужуваш ваква смрт, мој Претседателе!“ - запишал некој кој, очигледно, знае што значи да се испие докрај чашата што не може да се одмине.

1 март (понеделник)
15. 00 Премиерот Црвенковски испрати писмо до Генералниот секретар на НАТО и побара тој и Алијансата да се заложат сите релевантни податоци и информации за несреќата да се ставaт во функција на истрагата.

Се сеќавам кога „човекот - изјава“ и „Граѓанинот СМС“ (сега може секој) стана Претседател за едните и, автоматски, промашена инвестиција и цивилизациска грешка за другите. Скромен меѓу суетните. Преедноставен меѓу арогантните. Беше навреда за нивниот елитистички вкус. Се шегуваа на негова сметка заради прошетките по



пазари, берберници, натпревари, Златни славејчиња. Се бранеше со наивност, насмевка, простување... Дали ќе ми прости што толку се вџашував кога ја прочитав изјавата како од Охрид ќе направи „голема некропола“?

2 март (вторник)
СФОР ја отфрла одговорноста за несреќата. Македонија доби официјална потврда од Медицинскиот факултет во Загреб за завршена идентификација и потврден идентитет на патниците.

Свеќи по улиците и прозорците на Струмица, од учениците во некогашното негово училиште и сограѓаните. Тага и протест, сомнеж... Може ли спротивно од волјата, очекувањата, трпението, да се менува нечија колективна судбина? Мојот адут е во омилениот рефрен: „останува доволно за мене, останува доволно, срце мое“ - им порачува Борис Вијан на сите кршачи на светот кои со големи чекани уништуваат сè... И кога ќе чкрипне бравата на ќелијата, се спушти сечилото на гилотињата, главата ти се тркала во трева „останува доволно за мене, останува доволно, срце мое“.
Со должна почит кон загинатите, со малку достоинство, и трошка сопствена тага, не ќе беше оставен простор за недоумениja... Гледајте само напред, не свртувајте се, не шпекулирајте - ни порачуваа додека ги закопувавме своите мртви...



3 март (среда)
БИХ се прости со загинатите на церемонијата на сараевскиот аеродром.
14.30 Со највисоки почести пречекани се на скопскиот аеродром.

Уште еден ден на солзи и тага. Ги украсивме мртвите со живите,
од почит. Бескрајна низа зборови на ТВ посредуваната реалност, убави а неубедливи. Вистинските се неизговорливи, оние што го отвораат срцето, а жалоста ја приведуваат кон тага, ни чекор потаму...
4 март (четврток)
10.00 - 14.00 Со највисоки почести погребани се соработниците-сопатници на Председателот: Ристо БЛАЖЕВСКИ „Нема поголема чест за еден дипломат од кариера од поканата да биде советник на Претседателот... одговорност што чесно ја извршуваше до кобниот лет кон босанските беспаќа“. Димка ИЛКОВА БОШКОВИЌ „Многумина поминуваат низ нашите животи, малкумина се оние кои оставаат траги во нашите души“. Миле КРСТЕВСКИ „Тешко е да се држи слово за ...врвен дипломат од кого може многу да се научи“. Анита КРИШАН-ЛОЗАНОВСКА „Во неа имаше младешка полет,





знаење, желба за успех, ревност". Аце БОЖИНОВСКИ „Добар другар и соработник...навираат спомени за годините поминати заедно". Борис ВЕЛИНОВ „Ниту судбината можела да го одвои од ПРЕТСЕДАТЕЛОТ". Марко МАРКОВСКИ „Еден од најдобрите пилоти во земјава, со безброј летови". Бранко ИВАНОВСКИ „Твојот последен лет е лет во вечност"...
„Онаму каде што заминувате нема ниту болка, ниту тага, ниту воздишки. Почивајте во мир!"

4. март (четврток)
9.00 - 23.00 Пред одарот во холот на Собранието непрекинато минуваат граѓани, оддавајќи му последна поочит на Претседателот со поклонување, прекрстување, или со допир на рака.

Кулминација на лекцијата што во изминатите несреќни денови ја одржа народот. Без протокол и принуда, покажа инстинктивно дека знае што значи да се загуби Претседател под вакви околности. Самоникнатата редица од Плоштадот до влезот чека со саати за последно видување. „Тоа е нашиот Борис Трајковски, претседател на Република Македонија, и го заслужува нашиот длабок наклон пред неговите мошти."

5. март (петок)
9.00 - 11.30 Високи странски делегации полагаа венци пред одарот на Претседателот во холот на Собранието. Последна почесна стража држеа претседателот на Собранието, премиерот, и претседателите на Уставниот и на Врховниот суд.
11.55 Со изнесувањето на ковчегот почна погребната церемонија.
Во долгите денонoќија профункционира народот.



Некако созреавме... Почнавме како луѓе да комуницираме, достоинствено да тагуваме, да се солидаризираме. Сега е ред на институциите. Ќе го фатиме ли чекорот? Колоната се движи, и знамињата, или ветерот, сеедно... Што ќе се случи кога ќе ги исправиме главите и ќе се соочиме?

14.00 Закоп на Претседателот во Алејата на Великаните во Бутел, со сите највисоки државни и воени почести.
15.00 Граѓаните положуваа цвеќиња на гробот, како и во наредните денови...

Она што не му успеа на Претседателот додека беше жив, се случува сега. Погребот е тажен чин, но провоцира позитивна енергија. Како повисок знак за верата на народот во неговиот живот: дека не беше ни залуден ни краток, дека помеѓу двете дати - белези на неговиот живот, не стои само една црта...
Менувајќи ги нештата, шокот го открива она непознато лице на Македонија, вон сите постотомански и балкански стереотипи и калкулации... Во „големата, проширена, недоградена куќа на Европа", Тој пробиваше врати и прозорци за својата земја. Само во тоа е вредноста на ѕидовите, што најдобро го знае оној кој не се определил никогаш за „крвава политика".

11 март (четврток)
Наскоро се очекува да се соопштат наодите во авиобазата во германското гратче Вестлинг, иако е проблематично дешифрирањето на црната кутија , бидејќи се преклопувале податоците од предходните три лета.

Ова е вистинита приказна. Го напрегнав паметењето, внимавав на мислите... сепак, постојано се чувствував како во кутија. Не црна, ниту картонска (онаа од истоимената претстава во Театарот на народностите).

# К У Т И Ј А



Ме прогонува сцена од филмот „Луѓе во црно“: еден од двајцата актери, среде вселенска лабараторија на иднината, отвора некакво поштенско сандаче. Внатре се покажува среќен микросвет со мали луѓе и мал крал... Но тоа не е крај - зад актерите (на едниот штотуку почнуваат да му „растат“ крилца на супериорност) се отвора, иато така, ВРАТА со најдлабок поглед на лабараторијата на универзумот...Не знаеме ништо за тоа колкав е космосот, но сигурно е дека живееме на една бесмислено ранлива планета која ништо не знае за себеси.

К У Т И Ј А

